# СЛУЖБЕ Н Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 17**<br><br>**26.12.2023** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 22 став (1), точка 7 и 9, член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), Член 6 став (3) член 11 од Законот за Социјална заштита („(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23),Член 2, точка 3 и член 9 од Законот за Заштита на деца („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22)) и Член 14 точка 10 од („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 , 08/2021,01/2023, 05/2023 и 14/2023 ),Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 25.12.2023 година донесе:

# ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2024 ГОДИНА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## В О В Е Д

Оваа програма ги уредува подрачјата на социјалната, детската и здравствената заштита со цел подобрување на квалитетот на живот и овозможување на независен и самостоен живот на граѓаните од социјален ризик во општина Крива Паланка. Оваа прпрограма дополнително ги идентифукува потреби на населението на општина Крива Паланка во три области и дава преглед на мерките и активностите за надминување на истите.

Програмата за социјалната, детската и здравствената заштита на Општина Крива Паланка дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната, детската и здравствената заштита на граѓаните, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните.
Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплементација на обврските кои произлегуваат од меѓународните ратификувани документи, националните и локалните документи во овие области.
Оваа програма е составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за заштита, и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица, ромите, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид, кој што може да има последици врз нивната благосостојба, земајќи ја во предвид и возрасната и родвата димензија кај секоја од овие групи.
Програмата за социјалната, детската и здравствената заштита на Општина Крива Паланка произлегува и од страна на Советот за социјална заштита кој е регулиран со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот, кој што ја пропишува обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и локалната самоуправа.
Основните насоки за развој на социјалната заштита, детската и здравствената заштита се Законот за локална самоуправа, Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за семејство, Закон за еднакви можности на жените и мажите, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Уставот на РСМ каде се потенцира дека РСМ е социјална држава, Националната програма за развој на социјалната заштита, Стратегијата за деинституционализација, Конвенцијата на правата лицата попреченост, Конвенцијата за правата на деца, Меѓународните универзални декларации за човекови права, Конвенцијата за елиминирање на дискриминацијата, Националанта стратегија за семејно насилство, Страегија за домување, Социјален план на Општина Крива Паланка 2021-2024 година, Одлуките донесени од страна на Советот на Општина Крива Паланка и други подзаконски акти со кои се регулира социјалната заштита.
За реализирање на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2024 година на Општина Крива Паланка, ЕЛС предвидува соработка со различни чинители на национално, регионално, локално и меѓународно ниво.
**Соработката помеѓу Општина Крива Паланка и ОО Црвен Крст- Крива Паланка е следниот начин:**

**Општина Крива Паланка аплицираше во Министерството за труд и социјална политика доби грант за воспоставување на услугата, опремување на просторија во просториите на ОО-Црвен Крст Крива Паланка, набавка на моторно теренско возило и сертифицирани 20 негователи за нега и грижа на стари лица и испорака на услугата за стари лица во домашни услови.Сега услугата е проширана за плус 20 негователи и ќе бидат опфатени поголем број на корисници. Провајдер на услугата е ОО Цевен Крст Крива Паланка, финансиите се од МТСП, Општина Крива Паланка е надзор и контрола на сите активности и учество со сопствени средства за набавка на апарати и реквизити за потребите на негователите и корисниците.**

**Општина Крива Паланка доби модерен дневен центар што ќе одговори на потребите на граѓаните од највозрасната категорија и нивно активно стареење во просториите на ОО Црвен Крст Крива Паланка каде давањето на услугата ќе биде од страна на ОО Црвен Крст Крива Паланка бидејќи се лиценцирани**

**даватели на услугата, а додека пак општината ќе има надзор и контрола на сите активности и ќе учествува со сопствени средства за реализација на активности.**

**ГЛАВНА ЦЕЛ**

**Главна цел на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита се:**

Оваа програма има за цел унапредување на животниот стандард на населението од социјален ризик во општина Крива Паланка.

Со оглед на идентификуваните подрачја на делувања согласно член 141 од ЗСЗ, оваа програма има поставено четири специфични цели:

Цел 1: Унапредување на социјалната заштита и сигурност на населението од социјален ризик во општина Крива Паланка

Цел 2: Обезбедување превенција и заштита на децата од социјален ризик во општина Крива Паланка

Цел 3: Обезбедување пристапна и достапна здравствена заштита на населението од социјален ризик во општина Крива Паланка

Цел 4: Остварување и унапредување на човекови права.

Согласно поставените цели се идентификувани потцели и серија на активности кои треба да водат кон остварување на поставените цели.

**Активностите во Општина Крива Паланка ќе се реализираат во три области:**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **ОБЛАСТ 1** | **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** |
| **2** | **ОБЛАСТ 2** | **ДЕТСКА ЗАШТИТА** |
| **3** | **ОБЛАСТ 3** | **ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА** |

**ЦЕЛНИ ГРУПИ СПОРЕД ОБЛАСТИ**

**1.СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

-Лица кои се социјално загрозени,бездомни лица;

-Лица кои се приматели на одредена помош од ЈУ МЦРС кои се неспособни за работа или им е одземнена работната способност;

-Стари и изнемоштени лица без семејна грижа;

-самохрани родители и родителки;

-лица со интелектуална, телесна попреченост и друг вид на попреченост;

-лица жртви на семејно насилство;

-Лица со интелектуална попреченост кои се штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост;

-Превентивни активности за невработени лица кои се на листата на невработени во Центарот за вработување во Крива Паланка;

**-**Лица корисници на права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица,

-згрижувачки семејства,

-стари лица со активно стареење,

-Семејствата на загинатите  Бранители од 2001,

-корисници/штитеници  во Дом за стари лица.

**2. ДЕТСКА ЗАШТИТА**

-Деца со воспитно социјални проблеми;

-Деца без родители/ки и родителска грижа;

-Деца на улица;

-Деца на самохрани родители/ки;

**-Деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства**

-Деца  со интелектулана и телесна попреченост

-Деца со одредена попреченост интегрирани во редовниот процес на образование;

-Деца вклучени во воспитно предучилишното образование;

-Деца со попреченост во предучилишно образование.

- Новороденчиња.

**3.ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА**

-Возрасна категорија на граѓани над 62 и 64 години;

-Деца на самохрани родители/ки;

-Деца на семејства кои се социјално загрозени;

-Деца кои ја посетуваат предучилишната воспитно-образовна  установа;

-Ученици/ученички во основното и средното образованаие;

***Област Социјална заштита**

**Приоритетна цел 1**

-Помош и превенција  на лица кои се социјално загрозени/ранлива категорија, лица кои претрпеле елементарна непогода, стари и изнемоштени лица, лица со попречености, невработени лица кои тешко се вклучуваат на пазартот на трудот и семејства на бранители од 2001 година преку разлчни превентивни активности  за превенција  на појава  на социјални проблеми, организирање на едукативни превентивни работилници  и други активности  за превенција  за заштита од социјални ризици и спречување  на појава на социјални проблеми .

**АКТИВНОСТИ**

Активности во програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година во Општина Крива Паланка се поделени во областите во кој ќе се делува, а ќе бидат обезбедени одредени права, правно парични надоместоци и права предвидени со оваа програма.

1.**Активност во социјалната заштита:**

1.Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица.

2.Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.

3.Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица.

4. Аплицирање и имплементација на проекти на Министерствотот за труд и социјална политика, Агенција за вработување и УНДП за Општинскокорисна работа 2024/25 година.(Ангажирање на невработени лица преку Програмата на Општинско корисна работа.)

5. . Обезбедување на средства за пристапност на лица со попречености кое им е отежнато движењето за пристап.

6.Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост(пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице).

7.Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.

8.Обука на граѓани и граѓанки за лични/персонални асистенти преку сертифицирана организација.

**9. Ваучер за купување гардероба на лица корисници науслугата Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост и лица згрижени во згрижувачки семејства.**

10.Дневниот центар за стари лица со активно стареење.(организирање на превентивни едукативни работилници)

11. Ослободување на семејствата на загинатите Бранители од 2001, од давачки спрема ЈП Комуналец.

12. Дом за стари лица.

***Област Детска Заштита**

**Приоритна цел 2**

**Помош за новородено дете, првенција за деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители.**

**2. Активности во областа на детската заштита**

1.Едократна парична помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства заради превенција од појава на социјални проблеми.

2. Инклузија на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка преку ослободување на партиципација.

3. Еднократна парична помош на секое новороденче,запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка.

4.Субвенционирање на престој на деца на самохрани родители со плата и други месечни приходи во износ на минимална плата во ОЈУДГ „Детелинка“.

5. Доделување на новогодишни пакетчиња за деца

***Област на здраствена заштита**

**Приоритет 3**

**Остварување на социјална заштита на лица кои боледуваат од ретки и специфични болести, стари лица, лица во лоша здраствена и економска состојба и лица кои употребуваат психотропни супстанци и жртви на семејно насилство.**

**3.Активности во областа на здраствена заштита**

1.Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување.

2.Аплицирање на проект за формирање, екипирање и опремување на Сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, Даунов синдром..).

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за Социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година**
**на Општина Крива Паланка**

| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ: Еднократна парична помош за физички лица**<br>**Во оваа категорија ќе бидат земени предвид лицата кои се во загрозена состојба поради: болест, болнички третмани, хирушки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и инесреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| <u>**471160**</u> | | **1.** Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката | Во текот на годината | -Подобрување на квалитетот на живеење на лицата во наведените категории<br><br>-Број на доделена еднократна парична помош разделен по пол за 2024г. | Општина Крива Паланка | 400.000,00 МКД |
| **464990 Г1** | | 2. Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници:<br><br>- Еднодневна екскурзија на лицата корисници на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост<br><br>- Јавен повик за | 3-ти Декември 2024 | Подобрен квалитетот на животот на штитениците во Дневниот Центар за лицата со интелектуална и телесна попреченост<br><br>Покрената свест за живеење живот со попреченост и интеграција на лицата со попреченост во секојдневниот живот | Општина Крива Паланка | 30.000,00 МКД<br><br>450.000,00 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | доделување на еднократна финасиска подршка во висина од 3000 МКД за секое лице со попреченост евидентирано во ЈУ МЦСР Крива Паланка | | | | |
| | | 3. Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица-Црвен Крст-Крива Паланка (Набавка на потребни апарати, реквизити за потребите на негователите и корисниците) | Во текот на годината | -Оспособување на старите лица за самостоен и подобар живот -Број на корисници кои добиле социјална услуга-грижа и нега во домот. | ОО Црвен Крст Крива Паланка | 50.000,00 МКД |
| **464990 Г1** | | 4. Аплицирање и имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика, Агенција за вработување, и УНДП за Општинско корисна работа 2024/25 година. Кофинансирање од страна на општината од 20%. | Во текот на годината | -Подобрување на условите за живот на лицата кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот -Број на одобрени барања | Општина Крива Паланка | 100.000,00 МКД |
| **471410** | | 6. Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост (пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице). По основ на Барање од страна на лицето или родителот, старателот итн. | Во текот на годината | -Подобрување на условите за живот<br><br>-Број на доделена еднократна парична помош за лица со попреченост разделен по пол за 2024г. | Општина Крива Паланка | 300.000,00 МКД |
| **425990 Ј8/Г1** | | 7. Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица | Во текот на годината | -Подобрување на условите за живот на лицата кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот -Број на лица вклучени во активноста | Општина Крива Паланка | **1 000.000,00 МКД** |
| **425990** | | 8. Обезбедување на обука на невработени лица за лична/персонална асистенција (Црвен Крст-Крива Паланка) | Во текот на годината | -Зголемување на бројот на персонални асистенти и подобрен живот на лицата со попречености<br><br>-Број на учесници на обуки и | ОО Црвен Крст Крива Паланка | 200.000,00 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | обучени лица разделен по пол | | |
| <u>471280</u> | | **9. Ваучер за купување гардероба на лица корисници на услугата Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост и лица згрижени во згрижувачки семејства, евидентирани во ЈУ МЦСР по основ на доставено барање од страна на семејството.** | Во текот на годината | -Подобрување на условите за живот<br>-Број на подржани згрижувачки семејства и лица корисници на услугата Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост. | Општина Крива Паланка | 300.000,00 МКД |
| | | 10. Дневниот центар за стари лица со активно стареење (Обезбедување на работилници за потребите на веќе постоечкиот центар-Црвен Крст Крива Паланка) | Во текот на годината | -Помош на корисниците со активно стареење на центарот за Дневен Престој<br>-Број на учесници и број на одржани работилници | ОО Црвен Крст Крива Паланка | 60.000,00 МКД |
| | | 11. Ослободување на семејствата на загинатите Бранители од 2001, од давачки спрема ЈП Комуналец | Јануари-Февруари | -Број на семејства ослободени од плаќања | Комуналец | ЈПП Комуналец |
| | | 12.Дом за стари лица | Во текот на годината | -Број на жени и мажи кои имаат потреба од дом за стари лица | Општина Крива Паланка | Средства од донатори |
| | **2** | **ЦЕЛ: Помош за новородено дете, деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | | 1.Едократна парична помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства по основа на доставено барање од странката. | Во текот на годината | -Подобрување на условите за живот<br><br>-Број на доделена еднократна парична помош за деца во социјален ризик разделен по пол на детето | Општина Крива Паланка | 150.000,00 МКД |
| | | 2. Инклузија на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка преку ослободување на партиципација | Во текот на годината | -Подобрување на квалитетот на животото на децата Роми<br>-Број на деца Роми корисници на услугите во ОЈУДГ „Детелинка“ | Општина Крива Паланка и МТСП | Блок дотации од МТСП |
| | | 3. Еднократна парична помош на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка (5.000 МКД за секое новороденче) по | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот<br><br>Број на доделена помош за новороденче за 2024г. | Општина Крива Паланка | 600.000,00 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | основ на барање од страна на родителот | | | | |
| | | 4.Субвенционирање на престој на деца на самохрани родители со плата и други месечни приходи во износ на минимална плата во ОЈУДГ „Детелинка“ | Во текот на годината | Подобрување на условите за живот<br><br>Број на субвенционирани самохрани родители разделен по пол | Општина Крива Паланка | 100.000,00 МКД |
| | | 5.Финансиска подршка за летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба | Јуни/Август 2024 | Подобрување на условите за живот | | 500.000,00 МКД |
| | | 6. Доделување на новогодишни пакетчиња за деца | Декември 2024 | Подобрување на квалитетот на живот<br><br>Број на доделени новогодишни пакетчиња разделен по пол на детето | Општина Крива Паланка | 120.000,00 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **471160** | **3** | **ЦЕЛ: Остварување на социјална заштита на лица кои боледуваат од ретки и специфични болести, стари лица, лица во лоша здраствена и економска состојба и лица кои употребуваат психотропни супстанци и жртви на семејно насилство.** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | Буџет мкд |
| | | 1. Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување по основ на доставено барање. | Во текот на годината | Подобрување на квалитетот на живеење<br><br>Број на доделена парична помош според видот на болеста и полот на лицето кое се лекува | Општина Крива Паланка | 150.000,00 МКД |
| | | 2.Аплицирање на проект за формирање, екипирање и опремување на Сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, даунов синдром..) | Во текот на годината | Подобрување на условите за работа за децата од наведените категории | Општина Крива Паланка | Средства од донатори/грант |
| Буџетот планиран од Буџетот на Општината | | | | | | |
| | | | | **Вкупно** | | **4 .510 . 000 ,00МКД** |

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Средствата потребни за реализација на Програмата за социјална, здраствена и детска заштита за 2024 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Крива Паланка, средствата добиени преку аплицирање од Министерството за труд и социјалана полититка на Република Северна Македонија, средства добиени од УНДП, грантови добиени од организации, амбасади, заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Крива Паланка се грижи за обезбедување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита.

Општина Крива Паланка преку Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ќе го следи спроведувањето на програмата, ќе покренува иницијативи, дава мислења и дава предлози во врска со остварување на предвидените активности.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година не е конечна и истата може да се надополнува тековно согласно новонастаната состојба, имајќи го предвид функционирањето и во услови на корона вирус.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година во принцип е родово сензитивна затоа што буџетската алокација на средства во трите области (**социјалната, детската и здравствената заштита)** е во директна корелација со најранливите категории на граѓани и граѓанки во заедницата и нивните потреби и приоритети.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

**Бр.09-5981/3**<br>**25.12.2023 година**<br>**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**<br>**Претседател**<br>**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за социјална,детска и здравствена заштита во Општина Крива Паланка за 2024 година**

1.Се објавува Програма за социјална,детска и здравствена заштита во Општина Крива Паланка за 2024 година,што Советот ја донесе на 34-та седница, одржана на ден 25.12.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –5981/4**
**26.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија “бр. 5/2002), а во врска со член 28 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 14 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023 и 14/2023), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 25.12.2023 година донесе:

**ПРОГРАМА**

**за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2024 година**

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2024 година ги утврдува заедничките интереси и активности на општината во оваа област. Општина Крива Паланка во 2024 година овие активности ќе ги остварува, насочува и координира преку:

- Градоначалникот на Општина Крива Паланка;
- Советот на Општина Крива Паланка;
- Секретарот на Општина Крива Паланка;
- Одделението за човечки ресурси;
- Вработените во Општина Крива Паланка (административни службеници, помошно технички лица и овластени службеница од областа на безбедноста – пожарникари).

Организациски капацитети се критериуми кои се однесуваат на човечките капацитети, нивната искористеност, распределба, професионална надградба, мотивираност. Овие критериуми се неразделно поврзани со стратешка усогласеност што претставува критериум кој се однесува на ефективно и ефикасно испорачување на политиките и услугите, како и со критериумот извршување на работни задачи за остварување резултати кој дава јасна слика за институцијата во однос на надлежностите, целите, приоритетите и очекуваните резултати.

Согласно на Законските одредби е предвидено:

- На ниво на институција надлежни за управување со човечките ресурси се: раководното лице (на ниво на единица на локална самоуправа Градоначалникот), Секретарот и организационите единици за управување со човечки ресурси (одделението за човечки ресурси при општина Крива Паланка).
- Градоначалникот на Општина Крива Паланка согласно на законот за административни службеници обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во институцијата и други акти на институцијата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, донесува годишни планови за вработување на административни службеници, како и решава за правата од работен однос на административните службеници во институцијата.
- Секретаротна Општина Крива Паланка раководи со административните службеници, дава упатства на раководните и другите службеници и вработени во институцијата, особено во

контекст на управувањето со човечките ресурси, како и решава за правата, обврските и одговорностите на административните службеници на начин и во постапки утврдени со законот за административни службеници.

- Оделението за човечки ресурси, обезбедува ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата, учествува во постапките на вработување, унапредување и мобилност на административни службеници и други вработени во институцијата, ги организира и координира стручното усовршување и управувањето со учинокот на административните службеници и другите вработени во институцијата, како и врши други работи во врска со човечките ресурси во институцијата.
- Советот на Општина Крива Паланка согласно на законот за вработените во јавниот сектор е орган надлежен за донесување на буџетот на институцијата, а врз основа на тоа и за донесување на Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, како и одлука за давање на согласности на Годишните планови за вработување на општината и други надлежности согласно на позитивните законски прописи.
- Вработените во јавниот сектор имаат право на континуирано стручно усовршување за што институциите носат соодветни програми.

**I. Цели:**

Целта за донесување на оваа програма е да се обезбедистручно усовршување на вработените и тим билдинг со воспоставување на функционален систем за управувањето со човечки ресурси кој осигурува дека организацијата има луѓе што и се потребни, кога и се потребни и дека тие се добро квалификувани и мотивирани добро да ја вршат својата работа на ниво на Општина Крива Паланка.

**II. Активности:**

За реализација и остварување на целите на оваа програма, активностите на Градоначалникот, Советот, Секретарот, Раководителите, Одделението за човечки ресурси и вработените во општината ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Крива Паланка во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и стручно спроведена програма со подеднакво учество на жените и мажите во истата.

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2024 година ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Крива Паланка;
- Донации и спонзорства.

**IV. Листа на области за стручно усовршување:**

| Р.бр | Област за стручно усовршување | Начин на спроведување | Целна група | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Локален економски развој;**<br><br>**- Планирање,**<br><br>**- Утврдување на развојните и структурните приоритети;**<br><br>**- Локална економска политика;**<br><br>**- Поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото;**<br><br>**- Воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции;**<br><br>**- Промовирање на партнерство**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **2.** | **Финансиски менаџмент,**<br><br>**- Сметководство и плаќања,**<br><br>**- Буџет**<br><br>**- буџетска координација,**<br><br>**- буџетска контрола,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **3.** | **Даноци, такси и други надоместоци,**<br><br>**- Постапки,**<br><br>**- Акти,**<br><br>**- Присилна наплата,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | **Правни области**<br><br>**- Управни, судски постапки,**<br><br>**- Застапувања, - Облигациони односи,**<br><br>**- Јавни набавки**<br><br>**- Канцелариско и архивско работење**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни<br><br>Помошно технички лица | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **5.** | **Јавни дејности,**<br><br>**- Образование,**<br><br>**- Спорт,**<br><br>**- Култура,**<br><br>**- Социјална заштита,**<br><br>**- Заштита на децата,**<br><br>**- Здравствена заштита,**<br><br>**- Управување со квалитет,**<br><br>**- Еднакви можности,**<br><br>**- Слободен пристап до информации од јавен карактер**<br><br>- **Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **6.** | **- Протокол,**<br><br>**- Односи со јавност,**<br><br>**- Транспарентност,**<br><br>**- Отчетност**<br><br>**- Информатичка технологија**<br><br>**(ИТ инфраструктура,** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **софтвери, ИТ безбедност и слично)**<br><br>**- Други специјалности од областа** | | | |
| **7.** | **Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање,**<br><br>**- Одобренија за градба,**<br><br>**- Урбана опрема,**<br><br>**- Уредувањето на просторот,**<br><br>**- Уредувањето на градежното земјиште;**<br><br>**- Заштитата на животната средина и природата**<br><br>**- Располагање со градежно земјиште**<br><br>- **Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **8.** | **Комуналните дејности**<br><br>**- Постапки,**<br><br>**- Акти,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **9.** | **Инспекциски надзор**<br><br>**- Постапки,**<br><br>**- Акти,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од | Раководни инспекциски службеници од категорија Б<br><br>Инспекциски службеници од категорија В | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | соодветната област | | |
| 10. | **Човечки ресурси,**<br>**- Регрутација и селекција,**<br>**- Управување со ефектот,**<br>**- Обуки,**<br>**- Мотивирање,**<br>**- Оценување,**<br>**-Мрежа на човечки ресурси,**<br>**- Заштита на лични податоци,**<br>**- Систем на интегритет,**<br>**- Систем на ДКСК,**<br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| 11. | **Внатрешна ревизија**<br>**- Новини и предизвици,**<br>**- Усогласување со меѓународните стандарди за вршење на внатрешна ревизија,**<br>- **Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| 12. | **Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра**<br>**Противпожарна заштита-Постапки,** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи | Административни службеници<br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **- Акти,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | од стручни правни и физички лица од соодветната област | Овластени службеници од областа на безбедноста пожарникари<br><br>Високо раководни категорија А, раководни категорија Б, професионални пожарникари спасители категорија В | |

**Реализација на стручно усовршување на вработените во 2024 година**

**Форми**

Стручно усовршување на вработените во 2024 година ќе се реализира преку следните форми на учење и стекнување нови знаења и вештини: семинари, работилници, студиски посети, обуки на самото работно место, курсеви, учење на далечина, конференции, on line учење и слично.

**Спроведување на обуката**

Процесот на стручно усовршување на вработените во 2024 година, ќе се спроведе од страна на субјекти - стручни правни и физички лица од соодветната област (обучувачи, домашни и странски институции и организации, правни лица од приватниот сектор, здруженија на граѓани, странска експертска мисија и слично).

**Евиденција**

Ќе се врши следење на извршувањето на програмата за стручно усовршување на вработените во 2024 година, при што ќе се врши евиденција на вработените кои ќе бидат на стручно усовршување, евиденција на реализираните стручни обуки, теми и евиденција на организаторите на тие стручни усовршувања. Секој од вработените кои присуствуваат на стручно усовршување ќе бидат во обврска да ги достават добиените сертификати и слични потврди за посета и успешно реализирана обука кои ќе се чуваат во персоналните досиеја на конкретниот вработен.

**Споделување на стекнатото знаење**

Стекнатите знаења и вештини при процесот на стручно усовршување, вработените ќе ги споделуваат/разменуваат меѓусебно преку разни форми на работа, неделни, месечни, годишни состаноци, колегиуми, тимско учење, работни активности од повеќе организациони облици одделенија сектори и слично.

## V. ТИМ БИЛДИНГ

Градењето на тимски дух и создавање и унапредување на позитивно работно опкружување е многу важен импут за резултатите кои се добиваат од работата на вработените. Во 2024 година ќе се поттикнува и развива тимскиот дух кај вработените и ќе се вложува во позитивна работна средина со цел да се постигнат подобри резултати од тимските активности и заедничкото одлучување.

### Организирање тим билдинг во 2024 година

Тим билдингот преставува збир на различни видови на активности кои се користат за зајакнување на односите и дефинирање на улогите во рамките на работните тимови. Во таа насока, во 2024 година ќе се организираат тимски обуки дизајнирани за подобрување на ефикасноста на тимот во институцијата, наместо јакнење на интерперсоналните односи.

Општината во 2024 година ќе организира тим билдинг настани со цел:

- Развој на тимска работа и јакнење на перформансите на тимот

Подобрување на испораката на услугите кон граѓаните и подобрување на перформанисте на тимот преку јакнење на ставот „ние“ наместо „јас“ и споделување на слични верувања, вредности и ставови.

Ќе се учи и надоградува знаењето што значи тимска одговорност, тимот ќе се залага за завршување на доделените задачи и помагање на другите во исполнување на зададените рокови. Подобрување и зголемување на степенот за заинтересираност за работата, кординација со другите членови на тимот и споделување информации и ставање на фокус на решавање на проблемите, а не да се префрла и утврдува одговорност кај другите.

- Воспоставување и зајакнување на комуникација на тимот

Добрата комуникацијата помеѓу вработените има две дополнителни функции: да делегира информации до вработените кои се потребни за завршување на задачите и да гради цврсти врски помеѓу нив. Затоа ќе се гради позитивна работна атмосфера во која ќе има и добра комуникација помеѓу вработените.

Табела за програмски активности и финансирање:

| Р.бр | Програма/активност | Спроведувач | Временска рамка | Извор на финансирање | Планирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Неделни состаноци** | На ниво на одделение | Континуирано (најмалку 2 пати месечно) | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| 2. | **Месечни состаноци** | На ниво на Сектор | Континуирано (најмалку 4 пати годишно) | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| 3. | **Годишни состаноци** | Градоначалник<br>Совет<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители<br>Вработени | Континуирано (најмалку 2 пати годишно) | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| 4. | **Колегиуми** | Градоначалник<br>Секретар<br>Раководители<br>Други поканети лица | Континуирано (најмалку еднаш неделно) | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| 5. | **Обезбедување можности за професионален развој преку учество на специјализирани обуки, семинари, работилници во земјата и странство** | Градоначалник<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители | Во тековната календарска година | Буџет на Општина Крива Паланка | 350.000,оо денари |
| 6. | **Планирање и реализација на специјализирани обуки на раководниот кадар за зголемување на вештините за менаџирање и раководење** | Градоначалник<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители | Во тековната календарска година | Буџет на Општина Крива Паланка | 100.000,оо денари |
| 7. | **Спроведување на Анкети за** | Одделение за | Март / Јуни/ | Буџет на | Без финансиски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **задоволството на вработените** | човечки ресурси и работна група | Септември/ Декември | Општина Крива Паланка | импликации |
| **8.** | **Создавање на услови за давање на предлози за подобрување и унапредување на работатата** | Градоначалник<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители | Континуирано во текот на целата година | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| **9.** | **Потикнување на учество во тимска работа** | Градоначалник<br>Совет<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители<br>Вработени | Континуирано во текот на целата година | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| **10.** | **Тим билдинг** | Градоначалник<br>Совет<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители<br>Вработени | Во тековната календарска година | Буџет на Општина Крива Паланка | 500.000,оо денари |
| **11. в** | **Воспоствување на фер систем и доделување на награди и признанија на вработени и тимови за успешно и квалитетно извршени работи** | Градоначалник<br>Совет<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители<br>Вработени | Во тековната календарска година | Буџет на Општина Крива Паланка | 50.000,оо денари |
| **12.** | **Вкупно** | | | | 1.000.000,оо денари |

**VI. Завршни одредби:**

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот, Советот, Секретарот, Одделението за човечки ресурси, Раководителите и вработените во Општина Крива Паланка.

Сите надлежни субјекти ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата може да се менува во текот на годината за која се однесува.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Крива Паланка. Програмата ќе се применува од 01.01.2024 година.

**Бр.09-5981/5**
**25.12.2023 година**
**Крива Паланка**

**Советот на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активности на Општина Крива Паланка за стручно совршување на вработените и тим билдинг за 2024 година**

1.Се објавува Програма за активности на Општина Крива Паланка за стручно совршување на вработените и тим билдинг за 2024 година,што Советот ја донесе на 34-та седница, одржана на ден 25.12.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –5981/6**
**26.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) ,член 374 став (3) од Закон за безбедност на собраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21) и член14 став(1) точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 25.12.2023 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**За усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка ја усвојува Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-5981/7**
**25.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година,што Советот ја донесе на 34-та седница, одржана на ден 25.12.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –5981/8**
**26.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 25.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2024 година**

**Член1**

Со оваа Одлука се усвојува Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2024 година**.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09–5981/9**
**25.12.2023 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ ,,Градски музеј’’Крива Паланка за 2024 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ ,,Градски музеј’’Крива Паланка за 2024 година ,што Советот ја донесе на 34-та седница, одржана на ден 25.12.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –5981/10**
**26.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 28 став (1) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 и 209/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 ; 150/21 и 173/22 ), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05 ; 4/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 ; 167/16 и 151/21) , член 93 став (2) од Законот за административни службеници ( „ Службен весник на РМ “ бр. 27/14 ; 199/14 ; 48/15 ; 154/15 ; 5/16 ; 80/16 ; 127/16 ; 142/16 ; 2/17 ; 16/17 и 11/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 275/19 ; 14/20 ; 215/21 и 99/22 ) , одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа , стручните служби на Владата на РСМ , судовите , јавни обвинителства , казнено-поправните и воспитно-поправните установи , државното правобранителство , општините , Градот Скопје и општините на Градот Скопје , агенциите , фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ ( „ Службен весник на РСМ “ бр. 51/20 и 172/21 ) , Колективен договор за адинистративни службеници и други вработени во Општина Крива Паланка бр.08 – 4078/1 од 21.10.2022 година и член 14 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 34 - та седница одржана на 25 .12 .2023 година , донесе :

# **Б У Џ Е Т**
## **на Општина Крива Паланка за 2024 година**

**1.Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2024 година,се состои од:

| | |
|---|---|
| **I.Вкупни приходи** | **496.209.000** |
| Даночни приходи | 56.633.000 |
| Неданочни приходи | 17.290.000 |
| Капитални приходи | 43.651.171 |
| Приходи од дотации | 277.737.000 |
| Приходи од трансфери | 76.583.829 |
| Приходи од донации | 24.314.000 |
| **II.Вкупни расходи** | **517.809.000** |
| Од утврдени намени | 517.509.000 |
| Расходи од резерви | 300.000 |
| **III.Дефицит** | **-21.600.000** |
| **IV.Финансирање** | **21.600.000** |
| **Прилив** | **26.600.000** |
| Домашни задолжувања | 0 |
| Странски заеми | 0 |
| **Депозит** | **26.600.000** |
| **Одлив** | **5.000.000** |
| Отплата на главница | 5.000.000 |

**Член 2**

Приходита на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи,а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр.09 – 5981/11**
**25 .12.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година,што Советот ја донесе на 34-та седница, одржана на ден 25.12.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 –5981/12**
**26.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 и 209/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 ; 150/21 и 173/22) , член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05 ; 4/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 ; 167/16 и 151/21) , член 93 став (2) и член 94 – а од Законот за административни службеници ( „ Службен весник на РМ “ бр. 27/14 ; 199/14 ; 48/15 ; 154/15 ; 5/16 ; 80/16 ; 127/16 ; 142/16 ; 2/17 ; 16/17 и 11/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 275/19 ; 14/20 ; 215/21 и 99/22 ) , одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа , стручните служби на Владата на РСМ , судовите , јавни обвинителства , казнено-поправните и воспитно-поправните установи , државното правобранителство , општините , Градот Скопје и општините на Градот Скопје , агенциите , фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ ( „ Службен весник на РСМ “ бр. 51/20 и 172/21 ), Колективниот договор за административни службеници и другите вработени во Општина Крива Паланка бр.08 – 4078/1 од 21.10.2022 година и член 14 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23) , Советот на Општина Крива Паланка на 34- та седница одржана на 25 .12 .2023 година , донесе :

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на**
**Општина Крива Паланка за 2024**
**година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст – Буџетот) .

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од :

- Основен Буџет ;
- Буџет на самофинансирачки активности ;
- Буџет на дотации ;
- Буџет на донации и
- Буџет на кредити (заеми) .

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела , а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски , рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализација на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби

на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот , му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник , корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки , програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките потпрограма и буџет , не можат да бидат намалени повеќе од **20 %** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10 %.**

**Член 7**

Буџетските корисници , во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности , буџетот на донации , буџетот на дотации или буџет на заеми , планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ , доставуваат барање за намалување / зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети , кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства . Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот , односно бруто платите се утврдуваат за :

- Коефициентот за утврдување на плата на избрани и именувани лица Градоначалник се определува според број на жители и за Општина Крива Паланка изнесува 2,90 , а вредноста на коефициентот на плата на избрани и именувани лица во РСМ е оросеЧна исплатена плата по вработен во Република Северна Македонија за претходна додина , според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика ;
- за недржавните службеници вредноста на бодот е 19,33 денари бруто , определен според правилникот за исплата на плати на недржавни службеници и ќе ги прати промените со исплата на плати на државните службеници ;
- вредноста на бодот на административните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината ;
- за исплата на плата на директорот на ЛУ Градски музеј ќе се исплатува коефициент 2,95 и бруто основица 17.000,00 денари ,а за вработени ќе се исплатува коефициент 1,91 и бруто основица 17.000,00 денари согласно со Статутот и Правилникот.
- на вработените во ТППЕ ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања .

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2023 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин :

- средствата ќе се планираат на сметка - дотации (930) , а ќе се извршуваат преку сметката - дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати , образец Ф–1 за бројот на вработените по име и презиме , бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата ;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1 .

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии .

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата .

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција .

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на советот изнесува 50 % од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година .

На претседателот на советот , за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок , зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член .

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец .

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет .

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува , доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец .

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува , доколку советот во тековниот месец не одржал седница .

**Член 13**

Исплатата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма - Општинска администрација - Е0 расходно конто 404110 - надомест на годишен одмор , Програма-Градоначалник - ДО расходно конто 404110 - надомест на годишен одмор , Програма - Музејска и кинотечна дејност К3 расходно конто 404110 – надомест за годишен одмор и Програма – Противпожарна заштита – Њ0 расходно конто 404110 на основа донесено решение од Градоначалникот .

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9.000,00 денари нето , под услов вработениот да работел најмалку шест ( 6 ) месеци во календарската година кај работодавачот.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник - Д0 расходно конто 464990 – Други трансфери .

**Член 15**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки , почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки .

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка , при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 16**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва) , одлучува Советот на општината , а ги извршува Градоначалникот .

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите .

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот .

**Член 17**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот , согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди .

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Општинска администрација - Е0 , Н1 - Осново образование , Н2 - Средно образование , В1 - Детска градинка и Њ0 - Противпожарна заштита на расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата .

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина на две просечни плати исплатени во последните шест ( 6 ) месеци , а во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од една ( 1 ) просечна плата . Исплатата се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 – Други трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот .

**Член 19**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината .

**Член 20**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организацијаи систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината .

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства .

Локалните јавни установи од областа на културата , образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република С.Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии , врз основа на барање од Градоначалникот на Општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи , со соодветна пропратна документација .

**Член 21**

Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто плата .

**Член 22**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината , за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи , стоки и услуги .

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот , погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени , а доколку такви приходи нема , тогаш на товар на другите приходи на Буџетот .

Повратот на погрешно , на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот , освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Буџетот на Општина Крива Паланка се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година .

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01 јануари 2024 година .

**Бр.09 – 5981/13**
**25 .12 .2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година**

1.Се објавува Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година,што Советот ја донесе на 34-та седница, одржана на ден 25.12.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –5981/14**
**26.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија"бр.27/14 ; 199/14 ; 48/15 ;154/15 ; 5/16 ; 80/16 ; 127/16 ; 142/16 ; 2/17 ; 16/17 и 11/18 и „ Службен весник на РСМ бр.275/19 ; 14/20 ; 215/21 и 99/22 ), и член 14 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка " бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23) , Советот на Општина Крива Паланка на 34 - та седница одржана на 25. 12 . 2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државни службеници за 2024 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2024 година.

**Бр.09 – 5981/15**
**25 . 12 . 2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател ,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**

1.Се објавува Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година,што Советот ја донесе на 34-та седница, одржана на ден 25.12.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –5981/16**
**26.12.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 27 , став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „ Службен весник на РМ “ бр.61/04 , 96/04 , 67/07 ,156/09 ,47/11 , 192/15 и 209/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 244/19 , 53/21 , 77/21 , 150/21 и 173/22 ) и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 , 08/14 , 02/18 , 03/19 , 08/21 и 01/2023 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 34 - та седница одржана на 25 . 12 . 2023 година , донесе :

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2024 ГОДИНА**

**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

## Член 1

Буџетски календар за 2024 година.

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|---|
| **До 30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар во кои се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ , кој им го доставува на општините. | **Министерство за финансии** |
| **1 – 5 Октомври** | Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови | **Градоначалник** |
| **Октомври** | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори и одделенија во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани програми и активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/приоритетите/ активностите на секој од општинските сектори и одделенија. | **Градоначалник , општинска администрација и одделение за финансиски прашања** |
| **Октомври** | Одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | **Општинска администрација** |
| **Октомври** | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог-програми и пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет. | **Градоначалник , Одделение за финансиски прашања** |
| **Октомври - Ноември** | Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот | **Градоначалник** |
| **Крај на ноември** | Одделението за финансии го изготвува Предлог – Буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **Градоначалник** |
| **Декември** | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение. | **Градоначалник** |
| **Декември** | Се води расправа во телата на Советот на Општината. | **Совет на општина** |
| **Крај на декември** | - Донесување на Буџетскиот календар ;<br>- Донесување на Буџетот за наредната буџетска година ;<br>- Донесуванање Одлука за извршување на буџетот на општината ;<br>- Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници . | **Совет на општина** |
| **1 Јануари** | Започнува новата фискална година | |

**Член 2**

Буџетскиот календар за 2024 година на Општина Крива Паланка влегува во сила со денот на донесувањето , и ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “

**Бр. 09 – 5981/17**
**25 . 12 . 2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Председател**
**Изабела Павловска с.р**

